ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-206/9
24.12 2021 год.
СКОПЈЕ

Согласно чл. 5 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит (Сл. Весник на РМ бр. 200/18), Управниот одбор на Занаетчиската комора Скопје на 6-та седница одржана на 23.12.2021 го усвои следниот:

**Деловник за работа на испитен одбор за спроведување на мајсторски испит**

**Член 1**

## I. Општи одредби

Со Процедурите за полагање на мајсторскиот испит се обезбедуваат и гарантираат еднакви услови и начини за полагање на мајсторскиот испит за кандидатите и за реализаторите на мајсторскиот испит во Занаетчиска комора Скопје

**Член 2**

Во согласност со Правилникот структурата, организацијата, реализацијата на мајсторски испит, условите, формирањето на испитни одбори и признавање на посебните делови од мајсторскиот испит, се реализира пред испитните одбори, формирани од Управните одбори на регионалните занаетчиски комори.

**Член 3**

Испитниот одбор за мајсторскиот испит го сочинуваат три члена од кои еден е претседател. Претседателот на Испитниот одбор е Претседателот на Занаетчиска комора Скопје, еден член е номиниран од страна на Министерство за образование и наука, и еден член од редот на истакнати занаетчии кои го избира Управниот одбор на комората.

Откако ќе се формира/назначи испитниот одбор треба да го информира кандидатот 10 дена пред почетокот на практичниот дел од мајсторскиот испит во писмена форма или по пошта за:

- условите и насоките за изработка на мајсторската испитна задача
- местото каде ќе се реализира мајсторската испитна задача
- претпоставениот кој ќе ја следи реализацијата на мајсторската испитна задача
- рокот до кога треба да се заврши мајсторската испит на задача

## II. Подготовка на мајсторскиот испит

### Член 4

### (подготовка на испитниот простор)

Испитниот одбор во согласност со барањата на испитниот дел, најмалку три дена пред испитниот рок треба да ги определат просториите, да го уредат испитниот простор.

На видно место ( огласна табла, влезна врата) во регионалните занаетчиски комори, три дена пред спроведување на мајсторскиот испит, испитните одбори се должни да истакнат Списоци на пријавени кандидати по испитни простории.

Испитните одбори се должни да го означат местото на секој кандидатот во испитната просторија.

Бројот на работното место за секој кандидат треба да се совпаѓа со редниот број на кандидатот во Списокот на пријавени кандидати, истакнат на влезната врата на испитната просторија

Секој кандидат мора да има работна маса, колку кандидати толку маси и мора да има растојание меќу нив од 1,5 метри. Доколку масите се со две столчиња, седат сите на иста страна од масата. Сите столови треба да бидат свртени во исти правец. Во една група кандидати за мајсторски испит не смее да има повеќе од 20 кандидати.

Испитните одбори треба еден час пред почетокот на мајсторскиот испит да бидат во занаетчиската комора во која се назначени.

Претседателот на испитниот одбор, 45 минути пред почетокот на мајсторскиот испит ги идентификува членовите на испитните комисии и нивните заменици .

### Член 5

Испитниот одбор ги определува термините за полагање на мајсторскиот испит ги објавува на огласната и веб страна на Занаетчиска комора Скопје, ги прима пријавите на кандидатите за полагање на мајсторски испит, формира испитни комисии според соодветни струки и изготвува листа на кандидати според соодветни струки.

Испитниот одбор најдоцна пет дена по истекот на предвидениот рок за пријавување го информира кандидатот за исполнетоста на условите за полагање на мајсторскиот испит, за почетокот и за крајот од мајсторскиот испит.

Во случај испитниот одбор да утврди дека кандидатот има некомплетна документација го информира кандидатот за недостатоците во документацијата. Комплетирањето на документацијата се врши најдоцна осум дена од денот на приемот на известувањето.

Во случај кандидатот да не ги исполнува општитеи посебните услови за полагање на мајсторскиот испит испитниот одбор писмено го известува кандидатот лично или по пошта.

**Член 6**

**(избор на комисии)**

Испитниот одбор формира 4 (четири) испитни комисии за сите четири дела од мајсторскиот испит.

Испитните комисии имаат мандат од една година со право на повторен избор.

Испитните комисии имаат преседател и негов заменик кој се формира од редот на членовите.

Во случај на отсуство на претседателот на испитната комисија, неговите задачи ги врши заменикот.Испитната комисија води записник за секој дел од мајсторскиот испит кој го реализира. Записникот се води на образец кој е прилог на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит.

**Член 7**

**(Состав на комисии)**

1. Испитна комисија за практичен дел се состои од три члена и нивни заменици.Членовите на комисијата се двајца истакнати занаетчии мајстори од соодветни занимања и соодветен советник за струка/сектор од Центаротза стручно образование и обука или лице со завршено високо образование од соодветната стрка/сектор/занимање за стручно теоретски предмети и педагошко андрагошко образование со најмалку пет години искуство.

2. Испитната комисија за стручно-теоретски дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се двајца истакнати занаетчии мајстори од соодветни занимања и еден член соодветен советник на струка/сектор од Центарот за стручно образование и обука или лице со завршено високо образование од соодветната стрка/сектор/занимање за стручно теоретски предмети и педагошко андрагошко образование со најмалку пет години искуство.

3. Испитната комисија за управувачко-правно/економски дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се еден член од Центарот за стручно образование и обука-советник за соодветната струка/сектор или лице со завршено високо образование од соодветната струкла сектор занимање за стручно теоретски предмети и педагошко-андрагошко

образование со најмалку пет години работно искуство, еден дипломиран правник или дипломиран економист и еден истакнат занаетчија со положен мајсторски испит.

4. Испитната комисија за педагошко-андрагошки дел се состои од три члена и нивни заменици. Членови на комисијата се еден член од Центарот за стручно образование и обука-советник за соодветната струка/сектор или лице со завршено високо образование од педагошко-андрагошка област и педагошко-андрагошко образование со најмалку пет години работно искуство, еден дипломиран правник или дипломиран економист и еден истакнат занаетчија со положен мајсторски испит.

**Член 8**

**(објавување на резултати од мајсторскиот испит и право на приговор на кандидат)**

Испитниот одбор за секој положен дел од мајсторскиот испит, најдоцна 8 (осум) дена од денот на полагањето се објавува листа на положени кандидати на огласна табла и на веб страната на регионалната комора.

Кандидатите се известуваат за резултатите од мајсторскиот испит по пошта или по електронски пат. Кандидатот најдоцна осум дена по објавувањето на резултатите може да поднесе барање за пристап до својата испитна документација.Од страна на претседателот на испитниот одбор му се овозможува пристап до сопствената испитна документација.

Кандидатот може да приговара против одлуките на испитната комисија најдоцна три дена од денот на писменото известување за резултатите од оценувањето до Комисијата за приговори, формирана од страна на Управниот одбор на Занаетчиска комора на РСМ.

**Претседател на Управен одбор на**

**Занаетчиска комора Скопје**

**Горан Ристовски**

______________________